МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број: 11-1995/2
Датум:29.03.2022
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош изврши увид на лице место на ден 21.03.2022 година на ул.“Софиска“ , ул.“Његошева“ , ул.“Копенхагенска“ и ул.“Гаврил Лесновски“ по барање на Инвеститорот “А1 Македонија“ ДООЕЛ Скопје од Скопје за санација на подземна кабелска инфраструктура.За санација на подземна кабелска инфраструктура потребен е зафат во должина од 1384м1 на територија на Општина Карпош на ул.“Софиска“, ул.“Његошева“,ул.“Копенхагенска“ и ул.“Гаврил Лесновски“ .

Санацијата на подземната кабелска инфраструктура да се изведе според технички прописи и стандардни нормативи за изведување на ваков вид на инсталации и да се изврши обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања.

Ровот од тревна подлога да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок и останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви, да се постави хумус и завршно да се затреви ровот.

Ровот на делот од тротоарска подлога од бекатон да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија,околу инсталациите да се постави ситен песок ,дел од ровот до потребната кота на монтажа на павер елементи да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви,да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот.Преминувањето на ул.“ Софиска“ , ул.“Копенхагенска“ и ул.„Гаврил Лесновски да се изврши по пат на попречно сечење на асфалтната подлога и преминувањето на ул.“Његошева“ да се изврши по пат на попречно и подолжно сечење на асфалтната подлога .

Ровот на делот од асфалтна подлога да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија,околу инсталациите да се постави ситен песок и останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно да се асфалтира ровот.

Врз основа на податоците на терен и добиените графички прилози за кабловската мрежа на горенаведената локација, извршена е проверка на должината дека истата изнесува 1384m1 ( тревна подлога 44m1 , подлога од павер елементи 1155m1, попречен прекоп на асфалтна подлога 111m1 и надолжен прекоп на асфалтна подлога 74m1) .

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за тревна подлога да уплати износ од 4.154,00 денари со вклучено ДДВ , за подлога од павер елементи да уплати износ од 163.548,00 денари со вклучено ДДВ , за надолжен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 87.320,00 денари со вклучено ДДВ, за попречен прекоп да уплати износ од 392.940,00 денари со вклучено ДДВ , вкупно да уплати износ од 647.962,00 денари со вклучено ДДВ на име на неповратни средства за изведување на подземни инсталации.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Љубомир Тодевски

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*